Стр.

2566. **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со природен гас.......................... 47
2567. **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија........ 50
2568. **Одлука** за издавање на Привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија............................................ 53
2569. **Одлука** за издавање на Привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија............................................ 55
2570. **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија........ 56
2571. **Одлука** за издавање на Привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија............................................ 60
2572. **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија........ 61
2573. **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија........ 65
2574. **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија........ 68

Стр.

2575. **Одлука** за продолжување на Лиценца за пробна работа...................... 71
2576. **Одлука** за продолжување на Лиценца за пробна работа...................... 72
2577. **Одлука** за продолжување на Лиценца за пробна работа...................... 72
2578. **Одлука** за продолжување на Лиценца за пробна работа...................... 73
2579. **Одлука** за издавање на Лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија................................ 73
2580. **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија........ 77
2581. **Одлука** за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтени деривати и горива за транспорт............ 80
2582. **Решение** за продолжување на важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител.......................................... 83
2583. **Правила** за определување на надоместок на штета причинета на производителите и потрошувачите на електрична енергија.......................... 83
**Огласен дел** ....................................... 1-132

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

**2551.**

Врз основа на член 128 став 1 алинеја 4 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21 и 89/22), министерот за внатрешни работи, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОСТАВОТ, КВАЛИТЕТОТ И КРОЈОТ НА УНИФОРМАТА И ОЗНАКИТЕ НА УНИФОРМАТА НА ПОЛИЦИЈАТА

Член 1

Во Правилникот за составот, квалитетот и кројот на униформата и ознаките на униформата на Полицијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 171/16 и 237/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 55/19, 111/19, 163/19, 250/19, 270/19, 75/20, 173/20, 219/20, 242/20, 11/21, 82/21, 140/21, 295/21 и 65/23), во член 12 по точката 4-а се додаваат две нови точки 4-б и 4-в, кои гласат:

**„4.б. Амблем „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“**

4.1-б. Крој на амблем „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ Амблемот „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА “ е во форма на штит исткаен на темно сина основа со димензии 115 x 95 мм. Од внатрешната страна на растојание од 3 мм од надворешниот раб е исткаена жолта лента во ширина од 3 мм во вид на внатрешна рамка. Во бела боја во внатрешната рамка во горниот дел сразмерно се распоредени буквите „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“, а под нив буквите „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“. Под зборовите „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ во форма на полулак е исткаена жолта линија со ширина од 3 мм. Под исткаена жолта линија е поставен осумаголник во црвена боја со рамка во бела боја и сразмерно се распоредени буквите „STOP“ во бела боја. На левата и десната страна на поставениот осумаголник поставени се стилизирани крилја (шест бели линии) . Под поставениот осумаголник распореден е зборот „TRAFFIC“, а под зборот „TRAFFIC“ е распореден зборот „POLICE“.

**4.2.б. Мерки за амблем „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“**

Мерките за амблемот „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ се наведени во Табелата бр. 146-б.

Табела бр. 146-б

| Мерки за амблем „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ | | |
|---|---|---|
| ОПИС НА МЕРКАТА | | ГОЛЕМИНИ |
| Надворешна ширина на амблем | | 95 мм |
| Надворешна висина на амблем | | 115 мм |
| Дебелина на темно сина рамка | | 3 мм |
| Дебелина на жолта рамка | | 3 мм |
| Големина на букви „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ | Фонт | 12 pt Arial bold |
| | Растојание на букви | 00,0% |

| | | |
|---|---|---|
| Големина на букви „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ | Фонт | 16,5 pt Arial bold |
| | Растојание на букви | |
| Големина на букви „TRAFFIC POLICE“ | Фонт | 24 pt Arial bold |
| | Растојание на букви | |
| Големина на букви „STOP“ | Фонт | 25 pt Arial bold |
| | Растојание на букви | |

4.3.б Скица и фотографија на амблем „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“

Амблемот „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ се изработува според скица која е дадена во Прилог бр. 133-б, а изгледот на амблемот „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ е прикажан на фотографијата која е дадена во Прилог бр. 134-б, кои се составен дел на овој правилник.“

**4.в. Амблем „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA E TRAFIKUT“**

4.1.в. Крој на амблем „ СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА “„POLICIA E TRAFIKUT “

Амблемот „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“, „POLICIA E TRAFIKUT “ е во форма на штит исткаен на темно сина основа со димензиии 115 x 95 мм. Од внатрешната страна на растојание од 3 мм од надворешниот раб е исткаена жолта лента во ширина од 3 мм во вид на внатрешна рамка. Во бела боја во внатрешната рамка во горниот дел сразмерно се распоредени буквите „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ „REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT“, а под нив буквите „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“, „POLICIA E TRAFIKUT “. На средина на зборовите „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ и „POLICIA E TRAFIKUT“ во форма на полулак е исткаена жолта линија со ширина од 3 мм. Под зборот „POLICIA E TRAFIKUT“, е поставен осумаголник во црвена боја со рамка во бела боја и сразмерно се распоредени буквите „STOP“ во бела боја. На левата и десната страна на поставениот осумголник се стилизирани крилја (шест бели линии). Под поставениот осумаголник распореден е зборот „TRAFFIC“, а под зборот „TRAFFIC“ е распореден зборот „POLICE“.

4.2.в. Мерки на амблем „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA E TRAFIKUT“

Мерките на амблемот „ СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА “„POLICIA E TRAFIKUT“ се наведени во Табелата бр. 146-в.

Табела бр. 146-в

| Мерки за амблем „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA E TRAFIKUT “ | | |
|---|---|---|
| ОПИС НА МЕРКАТА | | ГОЛЕМИНИ |
| Надворешна ширина на амблем | | 95 мм |
| Надворешна висина на амблем | | 115 мм |
| Дебелина на темно сина рамка | | 3 мм |
| Дебелина на жолта рамка | | 3 мм |
| Големина на букви | Фонт | 12 pt Arial bold |
| „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ „REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT“ | Растојание на букви | 00,0% |
| Големина на букви „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ | Фонт | 16,5 pt Arial bold |
| | Растојание на букви | |
| Големина на букви „POLICIA E TRAFIKUT “ | Фонт | 16,5 pt Arial bold |
| | Растојание на букви | |
| Големина на букви „TRAFFIC POLICE“ | Фонт | 24 pt Arial bold |
| | Растојание на букви | |
| Големина на букви „STOP“ | Фонт | 25 pt Arial bold |
| | Растојание на букви | |

**4.3.в. Скица и фотографија на амблем „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA E TRAFIKUT“**

Амблемот „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA E TRAFIKUT“ се изработува според скица која е дадена во Прилог бр. 133-в, а изгледот на амблемот „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“„POLICIA E TRAFIKUT“ е прикажан на фотографијата која е дадена во Прилог бр. 134-в, кои се составен дел на овој правилник.“

Член 2

Во член 22 точка 12 потточка 12.2. зборовите „12 милиметри“ се заменуваат со зборовите „16 милиметри“.

Во потточка 12.3. во табелата бр.340 зборовите „12 mm“ се заменуваат со зборовите „16 mm“.

Член 3

Во Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за составот, квалитетот и кројот на униформата и ознаките на униформата на Полицијата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.82/21), во „Прилогот бр. 252“ зборовите „Прилог бр.252“ се заменуваат со зборовите „ Прилог бр.253“.

Во „Прилогот бр. 253“ зборовите „Прилог бр. 253“ се заменуваат со зборовите „Прилог бр.253-а“.

Во „Прилогот бр.253-а“ зборовите „Прилог бр.253-а“ се заменуваат со зборовите „Прилог бр „252“.

Член 4

Прилозите бр. 133-б, 133-в, 134-б и 134-в, се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.1.1-75196/1
3 јули 2023 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски**, с.р.

Прилог бр. 133-б

фонт на Република Северна Македонија и на Maqedonise se Veriut = 12 pt Arial bold
фонт на СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА, и POLICIA TRAFIKUT = 16,5 pt Arial bold
фонт на TRAFFIC POLICE = 24 pt Arial bold



Прилог бр. 134-б



Прилог бр. 133-в

фонт на Република Северна Македонија и на Maqedonise se Veriut = 12 pt Arial bold
фонт на СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА, и POLICIA TRAFIKUT = 16,5 pt Arial bold
фонт на TRAFFIC POLICE = 24 pt Arial bold



Прилог бр. 134-в

